АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



**Февруари, 2022г.** **Бр. 2**

## Билатерална средба помеѓу АВМУ – АМА



Претставници на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и регулаторното тело за медиуми на Република Албанија (АМА) на 2 февруари во Скопје одржаа билатерална средба.

Двете регулаторни тела разговараа за активностите поврзани со хармонизацијата на домашната регулатива за медиуми со европската, отворените прашања кои влијаат на тој процес и како тие да се надминат.

Акцент беше ставен и на обврските кои произлегуваат од ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги. На средбата беа споделени и информации за активностите поврзани со мониторингот на изборното медиумско претставување во двете земји и правилата за ППР, родовата застапеност во медиумите и правилата за заштита на малолетната публика. На крајот од средбата беше констатирано дека соработката треба да продолжи во насока на продлабочување на меѓусебните односи и размена на искуства во областа на медиумската регулација.

## Одбележување на Светскиот ден на радиото

Под покровителство на УНЕСКО на 13 февруари се одбележа единаесеттото издание на Светскиот ден на радиото кое оваа година се одржуваше под мотото „Радиото и довербата“.

Годинешните поттеми беа во насока на задржување и подигање на довербата на слушателите, обезбедување пристапност до радиосодржините за сите слушатели, вклучувајќи ги и лицата со сетилна попреченост, како и предизвиците за обезбедување на економска одржливост. Градењето доверба со публиката бара секојдневно вложување во квалитетна радиопрограма, подигнување на професионалните новинарски стандарди, како и употреба на нови дигитални технологии кои ќе овозможат поголема достапност до слушателите.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на сите радиостаници во земјава им го честиташе Светскиот ден на радиото и ги повика да дадат сопствен придонес во неговото одбележување.

## Соопштенија за јавност

Во врска со Предлог-Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета кој беше во прва фаза на читање во Собранието на РСМ, на 7 февруари Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку соопштение за јавност потенцираше дека повикувањето на одговорност за изразено „негативно мислење“, на начинот на којшто е дефинирано, е спротивно на сите демократски практики и може да предизвика медиумско самоцензурирање.

Можноста за санкционирање поради искажано негативно мислење остава простор за злоупотреба и казнување на медиумските професионалци. Новинарите се гласот на јавноста и тие честопати при вршење на својата работа упатуваат критика за одредени политики или појави во општеството и на тој начин поттикнуваат јавна дебата и придонесуваат за поголема одговорност, отчетност и транспарентност на претставниците на власта. Правото на слобода на изразување е уставно загарантирано право и истото е гарантирано и со Европската конвенција за заштита на човековите права. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт.

На 16 февруари, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку соопштение за јавност го осуди вербалниот и физички напад на новинарската екипа на регионалната телевизија Полог од Тетово за време на снимањето инсерти за репортажа од основното училиште „Наим Фрашери” во село Ѓурѓевиште, општина Врапчиште, Гостиварско.

Во соопштението беше посочено дека безбедноста на медиумските работници во ниту еден момент не смее да биде загрозена и треба да се вложат максимални напори за да се креираат услови за професионално извршување на работата на медиумите. Навремената и соодветна реакција на надлежните институции е клучна во разрешувањето на случајот и за превенција на вакви и слични појави во иднина.



# NEWSLETTER

## Надзори врз радиодифузери, ОЈЕКМ и Печатени медиуми

### Радиодифузери

Редовен програмски надзор за почитувањето на повеќе законски обврски - правилата при емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, заштита на малолетната публика, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање, емитување игри на среќа и обезбедување квизови или други облици на наградно учество, употреба на јазикот во програмите, дневно емитување најмалку 12 часа програма на телевизијата и дневно емитување најмалку 40% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела е извршен врз ТВ каналите на Јавниот сервис – МРТ 1, МРТ 2, МРТ 3, МРТ 4 и МРТ 5. При надзорот не се констатирани прекршувања на ЗААВМУ.

Врз истите програмски канали извршен е и редовен административен надзор за обврските за објава на импресум, информации коишто треба да се направат достапни на корисниците и за објава на идентификација на радиодифузерот. При надзорот не се констатирани прекршувања на обврските од ЗААВМУ и Законот за медиуми.

По службена должност, извршен е вонреден програмски надзор врз ТВ Сити за да се утврди дали на програмата дневно е емитувано минимум 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела во период од 7:00 до 19:00 часот, и врз ТВ Дуе за обврските при употреба на јазикот во програмите на радиодифузерот. Со надзорот е констатирано дека ТВ Сити на програмата емитувана на 10 февруари нема емитувано најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма, додека ТВ Дуе на програмата емитувана на 11 февруари во делови од цртаните филмови „Маша и Медо“ и „Том и Џери“, не е обезбеден превод на албански јазик, односно на јазикот на кој што медиумот емитува програма согласно дозволата.

Извршени се и повеќе контролни програмски и административни надзори за различни законски одредби врз ТВ Дуе, ТВ Гурра и Г-ТВ Телевизија, со цел да утврди дали постапиле по решенијата за преземање мерка јавна опомена, претходно упатени од Агенцијата. Со надзорот е констатирано дека ТВ Гурра на 29 јануари не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, ТВ Дуе на 18 февруари во дел од емитуваните програми не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветното место за секоја содржина од програмскиот сервис, додека Г-ТВ Телевизија, ТВ Гурра и ТВ Дуе дневно не емитувале минимум 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела во период од 7:00 до 19:00 часот.

Контролен административен надзор е извршен и врз Универзитетско Радио Студент ФМ 92.9 за обврската за објава на информации кои треба да се направат достапни до корисниците. Надзорот покажа дека во целост е постапено по изречената мерка јавна опомена.

### Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

За обврските коишто се однесуваат на регистрација на програмски сервиси во Агенцијата, титлување на програмите коишто ги реемитуваат операторите и обврската во програмскиот пакет задолжително и бесплатно да се обезбедени програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, извршен е редовен програмски надзор врз операторите Нафи и Беко од Гостивар, Дрим Сат ИПТВ од Гостивар и Македонски Телеком од Скопје. При надзорот е констатирано дека операторот Македонски Телеком за своите корисници го реемитува програмскиот сервис “ALB Music” кој не е опфатен со потврдите за регистрација на програмски пакети издадени од Агенцијата.

Контролен програмски надзор е извршен врз операторите на јавна електронска комуникациска мрежа Македонски Телеком од Скопје и Пет Нет од Гевгелија, за да се утврди дали е постапено по претходно изречената мерка јавна опомена, упатена заради реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата. Надзорот покажа дека операторите во целост постапиле по претходно изречената мерка.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

## Печатени медиуми

Агенцијата спроведе редовен административен надзор врз 8 издавачи на печатени медиуми за да констатира дали истите објавиле податоци за назив и адреса на седиштето и уредништвото на печатениот медиум, податоци за одговорното лице, уредниците, печатницата, датум на печатење или препечатување и број на печатени примероци, согласно обврската од Законот за медиуми. Надзорот опфати 10 печатени медиуми - Бахче, Портрет, Добра храна, Руски доктор, Шења, Скопско ехо, Македонско ехо, Зелена берза, Лице в лице и Instore. Со надзорот е констатирано дека печатените медиуми ја исполниле законската обврска.

Врз 13 издавачи на печатени медиуми извршен е редовен административен надзор за обврските за објава на импресум. Надзорот опфати 13 печатени медиуми - Нова Македонија, Слободен печат, Вечер, Коха, Лајм, Капитал, Фокус, Економија и бизнис, Порта 3, Убавина и здравје, Битолски весник, Зенит и Штипски глас. Надзорот покажа дека обврската од Законот за медиуми е исполнета кај сите печатени медиуми.

## Изречени мерки јавна опомена на радиодифузери и ОЈЕКМ

Советот на Агенцијата на 5-та седница одржана на 9 февруари 2022 година, врз основа на констатации од извршен надзор каде е утврдено непочитување на обврската за регистрација на програмски сервис кој Македонски телеком од Скопје го реемитувал за своите корисници, донесе Решение за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на спорниот ТВ канал.

На 6-та седница на Советот на Агенцијата одржана на 21 февруари 2022 година, врз основа на констатации од извршен надзор донесе решение за преземање мерка јавна опомена за ТВ Алфа од Скопје, поради повредата на членот 50 став 3 од ЗААВМУ кој се однесува на заштита на малолетната публика.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје**
**тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401**
**е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk**